Фетнан Дервиш

Еднакво образование за сите?

Предизвиците на образованието на Косово во Кралството СХС



Цели:

- Критичко разбирање на сложената природа на минатото
- Разбирање на прашањето на националниот

ВОВЕД

Прашања

1. Каква била општата состојба на Косово меѓу двете светски војни?
2. Кои биле најголемите тешкотии за организирање на настава?
3. Која е причината за неможноста на муслиманското малцинство да се образува на мајчин јазик?

Извор **1**

Општа состојба на Косово меѓу двете светски војни

Со создавањето на Кралството СХС на 1 декември 1918 година и Косово станува дел од кралството. На муслиманското малцинство не му се дадени национални права, што било причина за се организираат стекнување на политички и национални права. Во 1919 година формираат политичка партија, која издавала и своја публикација. Помеѓу двете светски војни Косово било најсиромашната и најнеразвиена област во државата. Поголемиот дел од населението биле земјоделци. Поради недостиг на образование на мајчин јазик, поголемиот дел од муслиманите се образувале во медреси. Меѓутоа, образованието во медресите било без план и програма, како и без книги. Економската, образовна и социјална заостанатост на Косово влијаеле и на културната заостанатост.

B. Koro, Tarih 9, Pristina 2008, p. 57-59.

Извор **2**

Тешкотии во организирање на образованието

"Училишните програми во Кралството СХС беа различни. Немавме ништо заедничко, различни народи, култури и владетели низ разни времиња, беше тоа тешка разноликост – ориент и Средна Европа, нации и нивни традиции. Не беше лесно се да се стави под еден образовен систем. Недостасуваше можност за напредок и развиток низ образованието. Најголем проблем беа конзервативните родители кои женските деца не ги праќаа на училиште и тоа беше една од причините зошто голем дел од заедницата остана необразуван."

Branko Petranović, İstorija Jugoslavije, Knjiga I. Kraljevina Jugoslavije, http://www.znaci.net/00001/93_2.pdf (downloaded May 11, 2013)

Извор **3**

Влијанието на околностите врз образованието на муслиманите на мајчин јазик (турски, албански)

Со миграцијата на муслиманите по Балканските војни, настана преселба и на образуваното турско население. Како резултат на тоа, образованието на албански и турски се прекина. Меѓутоа, миграцијата на населението не е и единствената причина за овој прекин.
Во наведените години, во Кралството СХС/Југославија, муслиманите беа признати како верско, а не како етничко малцинство. Муслиманското верско малцинство беше од различно етничко потекло, албанско и турско и тие не говореа на ист јазик.
По пропаѓањето на Австро-Унгарија и со завршувањето на Првата светска војна, оформено е Кралството СХС. Значаен број на муслимани живееше во тоа кралство. Тој факт го постави прашањето на верскиот и граѓанско-правен статус на муслиманите.

F. Karčić, Šerijatski Sudovi u Jugoslaviji, Sarajevo 1986, p. 27-2.

Група 1

Загарантирани права во договорот и во Видовденскиот Устав

Прашање

- Како е организирана наставата за муслиманското малцинство според дадените правила?

Извор **1**

Какви права им се дадени на малцинствата со создавањето на Кралството СХС?

Крфска декларација – 1917 година

- Признатите религии се слободни: православна, католичка и муслиманска. Тоа се најбројните маси во државата.
- Сите тие имаат еднакви права во државата
- Основниот принцип на овие прописи се за одржување на верскиот мир и интегритет на целата нација

M. Ekmečić, Stvaranje Jugoslavije 1790-1918, p. 67) http://www.znaci.net/00001/138_7.pdf (downloaded May 11, 2013)

Извор **2**

Договорот од Сен Жермен – 1919 година

- Според договорот од Сен Жермен, од 10 септември 1919 година, муслиманската популација, како што се: албанска, турска , босанска, ромска, кои живееле во кралството, прифатени се како "верски малцинства".
- Според истиот договор, Кралството СХС ја превзема одговорноста за населението од исламска вероисповед кое живее на неговата територија
- Како етнички малцинства издвоени се бураското, унгарското и германското малцинство.

Đ. Borozan, Osnovni Principi Zaštite Manjina u Kraljevini SHS 1919-1921. i Albanci u Kraljevini, p. 362, 372 http://www.cpi.hr/download/links/hr/7939.pdf downloaded May 11, 2013)

Извор **3**

Видовденски Устав - 1921 година

Во Член 16 од Видовденскиот Устав се вели:

- Според законот, ќе биде дадено право на образование на мајчин јазик
- Верската настава ќе биде организирана според барањето на родителите и договорот со претставниците на верските заедници

http://www.arhivyu.gov.rs/active/sr-latin/home/glavna_navigacija/leksikon_jugoslavije/konstitutivni_akti_jugoslavije/vidovdanski_ustav.html (downloaded May 11, 2013)

Извор **4**

Број на национални малцинства во Кралиството СХС

Број на припадници на малцинствата, според пописот од 31 јануари 1921.
Вкупниот број на население во Кралството СХС изнесува 12.055.715



Đ. Borozan, Osnovni Principi Zaštite Manjina u Kraljevini SHS 1919-1921. i Albanci u Kraljevini, http://www.cpi.hr/download/links/hr/7939.pdf, p. 370-371. (downloaded May 11, 2013)

Група 1

Загарантирани права во договорот и во Видовденскиот Устав

Прашање

- Како е организирана наставата за муслиманското малцинство според дадените правила?

Извор **5**

Прва образовна програма

Во Кралството Југославија, првата образовна програма ја состави Министерството за образование во 1929 година. Според законот, во државните училишта мораше да постојат посебни училни за малцинствата. Во тие училни ќе има до 30 ученици. Во тие училишта, муслиманското малцинство морало да посетува настава на службениот јазик во државата – српски.

Đ. Borozan, Osnovni Principi Zaštite Manjina u Kraljevini SHS 1919-1921. i Albanci u Kraljevini, http://www.cpi.hr/download/links/hr/7939.pdf , p. 374. downloaded May 11, 2013)

Извор **6**

Закон на исламската верска заедница

- Во сите училишта, веронауката е задолжителен предмет за исламската младина, под надзор на надлежната власт. (точка 17/1)
- Верската настава во сите училишта мора да се одржува најмалку два часа неделно. Каде што бројот на учениците е мал, може и повеќе одделенија да држат часови заедно. (точка 17/4)

Zakon o İslamskoj Verskoj Zajednici Kraljevine Jugoslavije, Državna Štamparija u Sarajevu, 1936, p. 8

Извор **7**

Причини за српски негодувања

- Муслиманските деца своите часови по веронаука ги имаа во училиштето Младен Угаревиќ, сместени во центарот на Призрен, на Косово.
- Србите не одобруваа муслиманите и децата припадници на другите религии да посетуваат часови во училишта кои ги изградила Српската православна црква, од фондацијата Младен Угаревиќ.

P. Kostić, Prosvetno Kulturni život Pravoslavnih Srba u Prizrenu i njegovoj okolini u XIX i početkom XX veka, Skoplje 1933, p. 122)

Извор **8**

Учители во муслимански училишта

Училиштата отворени за муслиманските деца имале српски учители, додека учителите по веронаука биле албански или турски наставници. Овие т.н. муслимански часови исто така ги посетувале и католички албански деца. Веронауката за овие деца ја предавале свештеници.

M. Yarimhoroz, Representation of the other in language Textbook in Kosovo, master thesis , KİJAC, Prishtina 2007, p. 14-15)

Извор **9**

Училиште Младен Угаревиќ во кое муслиманските деца учеле верска настава.



Младен Угаревиќ е познат српски трговец од Призрен. Пред својата смрт во тестаментот сиот свој имот го оставил за градење на една училишна зграда, но таа сума да се капитализира и кога ќе достигне сума од 1.100 турски лири тогаш да се употреби за ѕидање на училишната зграда, а приходот од 100 лири да се употреби за нејзиното одржување.

Прашања

1. Какви биле правата на муслиманските малцинства според спогодбата?
2. Како ги толкуваш одобрувањата на правата за верското образование на муслиманското верско малцинство?

I

Извор **1**

На што се сеќаваат учениците од малцинските училишта

, , 1935/36 .

"Имаше две одделениа во кругот на католичката црква. Нашата учителка беше калуѓерка. Половината од учениците беа муслимански деца, а другата половина католици. Меѓу муслиманските деца во овие одделенија имаше национална разлика, нарочно во Призрен. Два пати неделно, вторник и петок, имавме часови по веронаука. Овие католичко-исламски часови ги посетуваа деца од различна етничка припадност и различна возраст."

Интервју направено во неговата, Јануари 2012

Извор **2**

Бев единственото девојче во одделението

, 1926 , . 1932/33 , - .

"Во Кралството Југославија, во основно училиште се одеше со 7 години. За децата кои не знаеа српски, организирана е подготвителна настава од српски јазик. Ние воглавно не ги посетувавме овие часови, српскиот јазик го учевме на училиште. Јас можев да одам на училиште само неколку месеци, бидејќи бев единствениот женски ученик. Еден ден учителот ми рече дека сум единственото девојче во одделението и дека не морам веќе да доаѓам. Поради тоа не можев да посетувам државно училиште и морав да одам во џамија за да се образувам."

Интервју направено во неговата, Јануари 2012

Извор **3**

Иста е ситуацијата и во селата...

, 1928 , . 1935/36 - .

"Во основно училиште тргнав во учебната 1935/36 година. Во ова училиште доаѓаа деца од селата Брезна и Плав. Во училиште одев три години, а мојот учител беше Драгомир Адамовиќ, од Загреб, Хрватска. На учителот се сеќавам како на многу топол и близок до учениците. Веронаука имавме во џамијата во село Буча. Верската настава беше на албански и арапски јазик."

Интервју направено во неговата, Февруари 2012

Извор **4**

Постоеше одредена пракса (правила) која моравме да ја почитуваме

. , 1925 , . - 1932/36 .

"Во државните училишта на Кралството Југославија, постоеше практика која мораа да ја почитуваа и муслиманските деца. На роденденот од кралот, 6 септември, сите деца се носеа во џамија. По читањето на хутбата, муфтијата и имамите велеа "Нека ни живее кралот Петар Втори", а сите ученици ги повторуваа овие зборови по нив. Имавме празници за Рамазан и Курбан-бајрам, а исто така и во текот на христијанските празници. Мојот учител беше Дестан Ефенди. Верските часови беа на турски јазик. Покрај верските теми, научивме и некои турски песни."

Интервју направено во неговата, јануари 2012

Прашања:

1. Што имаат заедничко усните кажувања, а во кои аспекти се разликуваат?
2. Што може да се заклучи за образованието на муслиманското малцинство од дадените информации?

Извор **1**

Регистер на ученици во народните училишта

Регистерот на ученици во муслиманските одделениа во учебната 1935/6 година, за трето одделение (означено во горната хоризонтална портокалова линија). На долната линија, подвлечена со портокалово, стои објаснување за вертикалната рубрика во регистерот (вооквирена со портокалово) дека била наменета за впишување на оцени од мајчин јазик во одделениата за националните малцинства во училиштето.



Регионален архив Призрен, Upisnik Učenika Narodnih Škola, I/14.

Извор **2**

Регистер на ученици во народните училишта



Регионален историски архив Призрен, Upisnik Učenika Narodnih Škola, I/18.

Извор **3**

Сведителство од 1925 година

Според сведителството на Х. Ибрахим за завршувањето на четврто одделение основно училиште од 1925 година, учениците ги имале следните предмети:

Веронаука
Српски јазик
Географија
Основи на физиката
Математика и геометрија
Рачна работа – занаети
Цртање
Калиографија
Музичко
Гимнастика
Куран



Регионален архив Призрен, Fondi Gjimnazi Real Plotesues Shtetrore, njesia org. Prizren viti 1949-1950.)

Извор **4**

Сведителство од 1937 година

Наука на верата со морални поуки
Народен (српскохрватско-словенечки) јазик
..... јазик
Народна историја со најзначајните збиднувања од општа историја
Географија
Сметање со основи на геометрија и геометриско цртање
Познавање на природата
Практична земјоделска работа
Хигиена
Домаќинство
Рачна работа, машки и женски, со примена на народни мотиви
Цртање
Убаво пишување
Пеење
Физички вежби по Соколски систем

Извор **5**

Еден напис од врсник за вакувската библиотека

“Учениците кои имале таа можност да заминат во Скопје по завршување на основното училиште на понатамошно образување во медресата “Кралот Александар”. Медресата е основана во османското време како Иса-бегова медреса. Во времето на Кралството Југославија името на медреса е сменето во Медресата на кралот Александар но народот и понатаму го корист стариот назив Иса-беговата медреса.

Dragan Novaković, “Organizacija i Položaj İslamske Verske Zajednice u Kraljevini Jugoslaviji”, TEME, 2003, vol. 27, no. 3, p. 451-474.



Kolonel Enver Hoxhes dhe Lazar Kolishevskit, te cilet po i botojme ma poshte.

E njejta çfaqje, me 30-Dhetuer-1945, u-dha per grate e Shkupit dhe pati nji sukses shum te math.

kompakt ne zgjedhjet e 11 Nandorit per Asamblen Kushtetonjese.

Rrofte vllaznimi miqis Maqedhonazvet dhe Shqiptarvet.

Nga Festa e 28 Nandorit ne Shkup.

Dy fjale per Biblioteken e Vakfit ne Shkup

Due te theksoj punen qe ka ba qe ban dhe qe duhet te baje biblioteka e Vakfit ne Skhup.

Me hapjen e Medreses »Gazi Isa Beg« me 1936, u-rihap edhe Biblioteka e Vakfit, e cila u-vendos ne vendin ku gjindet tash, dhe ma vone u-shperngul ne rrugen e Seravas, ne nji ndertese tjeter te Vakfit. Biblioteka qysh atehere qe e pajisun me libra te ndryshme, ma teper klasike, ne gjuhen arabe, turke, serbe, perse dhe serbe. Cdo gjite rrofte e hapun dhe ata qe kishin etje per dituni, mund ta shuejshin ne libra, vazhdojne te mbajne pluhkete xenj e pregatitun posaçerisht per kete gja.

Antare kishte mjaft dite te hollat perdoreshin per te bleme libra fe reja porsa te dalona nga shtypi.

Te rrit, n'ate kohe, ne vend qe te bridheshin rrugevet ose te zhyteshin ne mis te tymit te duhanit qe gjejshin shumin e duhnin ose ku bisedojshin çashtje me randesi per sa u perkiste nevojave t'asaj kohe. Biblioteka ne fjale me te vertete u-ba nji cerdhe e rinis Shqiptare te Shkupit, me gjithe se nuk ishte e pajosun me as nje liber shqipe.

Me arsyen e Ballkanit, de Avrami me ngjarje e kohes ne te te u-nja u-shperndaj, biblioteka u cilen atjen, te jete ne dijeni per ushtimueren librat me randesi dhe ma situaten te cilen e jetonin dhe te shim ne fund prape biblioteka u-shperngul ne vendin e maparshem, parimdashese.

ne ndertesen ku gjindet tash mufti-tinija.

Ma se tre vjet rresht biblioteka nuk punoi si duhet. Ma teper rrinte e mbyllun se e hapun dhe ai qe kishte deshire per studime nuk mund te perfitonte.

Ta lame edhe kete kohe dhe te te kethehemi ne kete te sotshmen. Biblioteka e nalpermendun vazhdon te ngeli ne ate gjum lemu, ...

Nga vjen kio? Nga pakujdesija e drejtorit te saje, ose nga ...

Punetori ose intelektuali s'dishiron ma te mbyte t'ne tymin e duhanit ner katene, s'don ma te qe bredhi rrugeve si »guska« ne mjergulle, por don qe te jete ne ...

vitrinat e saje!...

shofesh sallen qe ka per t'u-duke si nji turbe e pafshime kurre.

Asnji gazete mbi tavolinat e saje

Me asnji libër s're e shitetne ne

Me asnji libër s're e shitetne ne

Прашања

1. Спореди ги предметите од сведителствата од 1925 и 1937 година. Дали има промени и разлики во предметите? Што можеш да заклучиш?
2. Во кој дел од дневникот учениците не добивале оценки? Зошто тоа било така? Што може да биде причината за недостатокот на оценките?
3. Муслиманската младина имала можност да го продолжи образованието во средното верско училиште - Медресата кралот Александар во Скопје. Која била улогата на библиотеката на Медресата кралот Александар во напредувањето на муслиманската младина?

сличности	разлики

Во 1936 година отворена е Завештена библиотека со отварањето на Иса-беговата медреса. Библиотеката има многу книги. Книгите се на арапски, турски и српски јазик. Библиотеката има доволен број на членови. Финансискиот потенцијал се користи за набавка на нови книги. Младите луѓе наместо да талкаат по улиците или седат во затворени и задимени простории, доаѓаат во библиотеката каде се дружат и разговараат за тековните проблеми. И покрај тоа што библиотеката немала книги на албански јазик, сепак била собиралиште на албанската младина. Во текот на инвазијата на Бугарите, книгите се земени, а библиотеката е вратена на својата претходна локација (...)

“Flaka e Vëllazërimit” 18.12.1945, Skopje)

Извор **1**

Еден од првите интелектуалци на муслиманското малцинство од турско потекло

Дурмиш Целина бил еден од оние кои го продолжиле образованието на овој начин. Тој го завршил основното образование во својот роден крај, Призрен. Средното училиште го завршил во Пљевље. Универзитетското образование го започнал во Белград. Меѓутоа, подоцна ќе се испише од таму и ќе се запише на Загребскиот универзитет. Дипломирал во 1942 и добил диплома од Независна држава Хрватска. По враќањето во своето родно место, дипломата која била на латински јазик ја превел на албански јазик. Овој превод го ратификувало Кралството Албанија 1942 година. Дурмиш Целина, успешно работел како лекар на Косово, во 1972 година ја дијагностицирал "Вариола Вера" па заразата е ставена во карантин и спречено е нејзиното ширење низ Југославија. За оваа заслуга доделена му е титулата примариус.

Податоците земени од семејството на Дурмиш Целина

Извор **2**

Универзитетско образование

Годишно свидетелство на Дурмиш Целина (тогашен Дурмиш Хуршидовиќ) за завршен 3 клас во гимназијата во Пљевље, учебна 1930/1931 година. Предмети кои се изучуваа беа следние:

Веронаука
Спскохрватскословенечки јазик
Француски јазик
Германски јазик
Латински јазик
Географија
Историја
Природа
Физика
Хемија
Математика
Нацртна геометрија
Филозофска пропедеутика
Хигиена
Цртање
Калиграфија
Гимнастика
Пеење



Извор **3а**

Индекс од Универзитетот во Белград

Универзитетите во Кралството постоеле и во Белград, Љубљана и Загреб. Меѓутоа многу мал број на муслимански студенти можеле да ги користат овие можности.



M. Anđelković, "Univerzitet u Kraljevini 1918-1941", Časopis Arhiva Jugoslavije, 1. 2000, p. 113-126

Извор **4**

Диплома од Универзитетот во Загреб

Диплома за завршен Медицински факултет на Загребскиот универзитет која е издадена во времето на Независната држава Хрватска

Семејна архива на Др. Дурмиш Целина

Извор **4а**

Таксени марки од универзитетската диплома

Таксени марки на Независната држава Хрватска од универзитетска диплома

Извор **5**

Превод на диплома од Универзитетот во Загреб на албански јазик


Vërtetohet përkthimi i drejtë nga originali latinisht .
Tiranë,15/9/1942-XX.
Inspektori Epruer
Prançë Ministris s'Arsimit
(Karl Gurakuqi)

Семејна архива на Др. Дурмиш Целинае

Извор **5а**

Таксени марки од Кралство Албанија од преводот на дипломата

По дипломирањето Дурмиш Целина во родниот крај 1942 година дипломата ја превел на албански јазик која е заверена од страна на министерството за образование на Кралство Албанија


Vërtetohet përkthimi i drejtë nga originali latinisht .
Tiranë,15/9/1942-XX.
Inspektori Epruer
Prançë Ministris s'Arsimit
(Karl Gurakuqi)
MBRETNIJA SHQIPTARE
TAKSE MONOPOLI

Прашања:

1. Кои помошни историски науки се занимаваат со печати и грбови?
2. Дадете објаснување за печатите на дипломите!
3. Кој бил образовниот пат на Дурмиш Целина? Пронајди ги градовите каде се школувал на картата! Во кои држави се наоѓаат тие градови?
4. Што ни кажува овој пример?

Финална расправа

Прашања за финална расправа

1. Споредете ги усните информации со вистинските дадени одговори и останати документи!
2. Дали се совпаѓаат усните историски извори со одредбите од договорите?
3. Кои се последиците од ставањето на различните етнички и верски компоненти во ист образовен систем?
4. Дали недостатокот од образование на мајчин јазик претставувало пречка за понатамошното образование на муслиманското малцинство?
5. Дискутирајте за ефектите од општата политичка ситуација врз образованието на примерот од дипломите на Дурмиш Целина